Главните предизвици со кои се соочуваат здруженијата од Виница се однесуваат на **не достаток на едуциран кадар за пишување апликации, како и сложени и обемни процедури при аплицирање за грантови со мали износи**
. Тоа го истакнаа претставниците на граѓанските организации од Виница за време на Мобилниот ресурсен центар на 28 февруари во просториите на здружението
Иницијатива на невработени интелектуалци (ИНИ)
од Виница.



**Ограничените ресурси и капацитети се главна причина за мноштвото краткорочни проекти кои не предизвикуваат големо влијание во заедницата**. Во однос на локалните потреби, **п риоритет се инфраструктурните проекти**
. Со цел да се зголеми одржливоста на ваквите проекти, потребна е поголема соработка со општините и иницирање за заедничко аплицирање на активните повици.

**Недостатокот на кадар е проблем на повеќето организации.** Исто така,

организациите сметаат на младите за нивно вклучување како волонтери, но тие пак не се заинтересирани да се вклучат во граѓанскиот сектор. Во моментов **организациите не размислуваат за вметнување програми за волонтери** и ад-хок го решаваат овој проблем.

Тимот на Граѓанскиот ресурсен центар оствари **средба** и **со претставниците на Општина Виница** на која дискутираше за соработката со граѓанскиот сектор. Во моментов **не постои Стратегија за соработка меѓу општината и здруженијата,** а сепак општината обезбедува материјална и финансиска поддршка за нив.

Локалната самоуправа доделува финансиска помош на организациите на годишно ниво преку отворен повик. **За 2019 година планирано е општината да додели 500.000 денари за граѓански организации и 1.000.000 денари за спортските клубови и здруженија**. И покрај тоа, **не постои утврдена методологија за доделување на средствата и следење на трошењето**.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а го спроведуваат (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.